Април 2024

# #1 ГРАФТ

графити магазин

Издава: Капка Арно.мк

МСКК

facebook.com/groups/graft.mk

## ПОЗНАТИ ГРАФИТЏИИ СК/МК

## ГРАФИТ-ПРИКАЗНА ЗА РАЈНА МИЧУРИНСКА

## НАЈГОЛЕМ ГРАФИТ ВО МК!

## Графити кои ги нема...

## МУРАЛОТ КАКО ПОСВЕТА...

## ДРУГАТА СТРАНА НА ВАРДАР

## ИМА ЛИ СТЕНСИЛИ ВО СКОПЈЕ?

## МК книга за графити

## УМЕТНИЦИ-ГРАФИТЏИИ

ГРАФИТ.МК

# НАШИОТ ФА-ФА-ЛА ФАНЗИН

Прво македонско списание за графити!??

ФОНТОВИТЕ НЕ СЕ ЧИТЛИВИ, СВЕ МИ БОЈЕ ЛЕПО СТОЈЕ И ДИЗАЈНОТ МИ Е ПАСИЈА? НЕМА ГАЈЛЕ!

## НА ШТО СМЕ ФАНОВИ? НА ГРАФИТИ.

FB: groups/grafit.mk

Во Март 2024 отворивме група за споделување графити на Фејсбук. Бумерски... нели. Каква врска има Зак со графити улична уметност или анархија? Никаква. ФБ групите се добра платформа за споделување идеи и дознавање нови нешта. Ете зошто...

## КОИ СМЕ?

Арно.мк и луѓето собрани околу тој анти-портал со мисија за ширење арни работи. Чизи, корни што би кажале младите, нели. Е па, тоа е. Ако ви се допаѓа добро, ако не - добро!



СОДРЖИНА:


Нашиот фанзин...
Најпознатите СК/МК графитџии
Графити кои ги нема
Графити од другата страна на Вардар
Најголем графит во Македонија!?
Графит-приказна за Рајна Мичуринска
Има ли стенсили во Скопје?
Најбројни графити
Навивачки графити
Муралот како посвета...
Ангажирани графити
МК книга за графити
Симболи
Други Градови?
Уметници стануваат графитџии
Бетонски ѕитчиња
Градежен факултет
Продавница за графитџии
За крај...


## ШТО САКАМЕ?

Да документираме графити и да ја архивираме сцената. Сакаме да го осетиме пулсот на градот кој бавно умира пред нашите очи. Можеби и веќе умрел, а она што го гледаме се траги на еден жив мртовец... Графити сцената во Скопје настана во 1990-ти и многу од тие луѓе не се веќе тука. Но, како што повторно заживеа музичката, можеби има надеж и за графити сцената.

## ГРАФИТ.МК

Во нашата група „Графит.мк“ споделуваме графити од Скопје и Македонија. Преку групата се обидуваме да изградиме архива на графити и да ги промовираме графити-уметниците.

За повеќе посетете:
arno.mk
kapka.arno.mk
facebook.com/groups/grafit.mk

# НАЈПОЗНАТИТЕ ГРАФИТЏИИ

НЕКОИ ОД СК/МК

ХРОМ
NAMELESS
STRAJK
OZBEK
DRASH
INDIGO
...

Кој не го знае...

@inna_nameless



Графит на Ина од 2013 во Ново Лисиче






Потпис на легендарните скопски графити-уметници кои ги сретнуваме по многу наши улици.

## А ДРУГИТЕ?

АЈ ДА НАПРАВИМЕ ЕДНА ЛИСТА: ДРАШ (ОКС), CPK/SRK, PACK/RASK/RASK47, ХРОМ/XPOM, СМУТ, TRENDO/ТРЕНДО, ZIP, PIG HANDS/CND/NAME/NAK47(CND`26), ДЕЈС, ТАМА, ДАРМА (ЕБСФ), РАШ/RASH, СПУН/SPUN, RUKI/РУКИ, ИНА/INNA, KATMA, EBSF, VISO, CISCOESPINAR, KUTE COBAIN, ZORK31, КРАЈМ, BIOSQUAD, REPTILE BABIES, DAOR, STRAJK, CK, JAZZ, HIV, NAK, M.D., BNE...

# Графити кои ги нема

## НАШИОТ ЦОЛЕ!

Мурал (2020) на еден од попознатите МК уметници постојано активен на сцената веќе 20 години Цоле Јовановиќ.



Прекриен со „Бурек“ и Буск (2024).




## ШТО ПРАВИ ЦОЛЕ ДЕНЕС?

Се занимава со илустрирање на нашето секојдневие. Уствари ова го прави од поодамна, со неговиот стрип-весник „Скопје за почетници, добро упатени и понавиљачи“ и други проекти.



Shaban Bajramović rides a snail and sings “I asked the little snail”, 2024

Одличен е: видете го тука!



issuu.com/gjorgjejovanovik/docs/strip_dodatok

# ГРАФИТИ ОД ДРУГАТА СТРАНА НА ВАРДАР

Кејот од „другата“ страна на Вардар… мистично место кое е ретко посетено…

Додека од „оваа“ страна човек едвај се разминува, фрчат тротинети, па и мотори (полиција каде!?), а пешаци и велосипедисти колку сакаш, од „другата“ страна нема жив човек! Кејот е зараснат и сетоа тоа изгледа тажно.

Затоа таму има одлични графити! Само карши Градскиот стадион, на мал потег има 10-тина графити од познатиот СК/МК графити уметник HROM.

ШИРОК ВАРДАР МИРНО ТЕЧЕ

ТРЕБА ДА ЈА ДРУЖИМЕ И ДРУГАТА СТРАНА НА КЕЈОТ, ДА НЕ Е ТАЖНА...




091RUNCREW RUNNING THE STREETS OD SKOPJE SINCE 2016



BUFIMANN

HROM BAVAJ





ARIS/HROM/ROBOT

# Најголем графит во Македонија!?




Графитот посветен на кошаркарскиот клуб МЗТ покрај кејот на Вардар во н. Аеродром се протега од рибарската колиба, па речиси до Топлификација, поточно до Фонд на пензиско и инвалидско осигурување.

Според наши пресметки должината на графитот е околу 350 метри што го прави најдолг во Македонија. Висината е некаде околу 3 метри, што значи дека покрива површина од I.050 квадратни метри или Ікм квадратен!







Во светот постојат други долги ѕидови со графити, но не ни е познато дали се дел од еден континуиран графит, или се работи за повеќе поврзани графити. Според површни истражувања, нашиот графит е уникатен, бидејќи се работи за еден мотив, наместо повеќе, како што е најчесто случајот.

Графитот е посветен на МЗТ и на навивачката група на МЗТ "Family Aerodrom '97". Графити од тој тип во населбата Аеродром има стотици и се речиси 90% од сите графити, но овој е навистина посебен.

Текстот од графитот во целост гласи:

> Цел живот мој на тебе посветен, чудесен е овој свет, цел е плаво-бел, а кога играш ти трибина лудува. Нека дојде кој сака, е наша порака. Само ти на светов имаш таква моќ, за тебе твојот Аеродром е буден ден и ноќ. И цела моја љубов ја давам за тебе. Можат да ми земат се, само тебе не!

Чек малку!



Што е со муралот на новиот трговски центар Цеваир? Муралот опфаќа 4I00 m2. Ама, сепак се работи за нарачан мурал, а не графит...

# ГРАФИТ-ПРИКАЗНА ЗА РАЈНА МИЧУРИНСКА

## КОЈА Е РАЈНА?

Маалското куче Рајна живеела околу 20 години на улиците на Мичурин, најчесто пред Зур Маркет. Затоа и некои луѓе ја викале Зурка, а бидејќи многу лежела, децата ја викале и Лења.

Work in progress...



Графитот посветен на Рајна го направил познатиот уметник Драш на иницијатива на една „тетка“ од маалото која најмногу се грижела за кучето.




АВ-АВ!

Починала во сообраќајна незгода, инаку без некои болести можела да истера уште неколку години.



Благодарност до Zharko Chi Maslarkovski кој ја сподели приказната.

Има ли стенсили во Скопје?

# ИМА ЛИ ВО СКОПЈЕ СТЕНСИЛИ?

ГРАФИТ.МК

Шо т'нка рака имал пештерецов...



## ЗОШТО Е СТЕНСИЛОТ БИТЕН?

Ви текнува на оние пештерски слики од раце по пештерите? Најчесто раката е бела, а околу неа има боја. Што е тоа? БУМ - стенсил. Некои од тие слики се стари и до 40.000 години. Индонезија, Европа, Австралија... ги има насекаде. Најстариот вид на уметност е стенсил!

Goce Over Matter!



## ИМА ЛИ СТЕНСИЛИ ВО СКОПЈЕ?


















































Благодариме на сите кои споделија стенсили на FB grafit.mk!

# НАЈБРОЈНИ ГРАФИТИ

КОЈ ГИ БРОЕЛ

ДРАШ
SRK
ОКС
...

Секоја населба си има свои графитџии. ВЛАЕ се чини дека има најголем број графити. Во Аеродром се 90% на навивачката група Aerodrom Family '97, Низ Центар се најзастапени Драш/ SRK/OKS и Pack, ХРОМ е најзастапен покрај Кеј, додека населбите како Ново Лисиче, Маџари, Драчево или Ѓорче Петров немаат сцена. Така се чини, но...



За повеќе видете ја архивата на графити на Драш/СРК/ОКС:
oks-crew.tumblr.com

# НАВИВАЧКИ ГРАФИТИ

АЛЕ АЛЕ!!!




90% од графитите во Аеродром се на навивачката група Family Aerodrom '97

Вардар е присутен во цело Скопје.

Работнички е исто така доста чест.


























Благодарност до
Невенка Стојановска
Snezana Vasilevska
Жарко Пејковски Ж'ба
Vlatko Lakardov

# МУРАЛОТ КАКО ПОСВЕТА...

МУРАЛОТ КАКО ПОСВЕТА...




Вања Лазарова

Автор: Ненад Тонкин




„Никола Христовски – Коњо“



Nino ‘93 “Gamers Never Die, They Respawn”



Александар Џамбазов

Автор: Драш




Кочо Рацин



Горан Стефановски

Фото: Дарин Ангеловски

ГРАФИТ.МК

# Ангажирани графити

Графитот бил користен за политички пораки уште од античките времиња. Нашиот град е преполн со политички графити за различни партии кои нас не нè интересираат особено. Наместо тоа, пренесуваме неколку поинакви.




Социјалистички графити: 30 часа работа / Врз наша мака профит / Капиталот убива




ФРУ, заедно со уметниците Ивана Самандова, Ана Трајковска и Доротеј Нешовски покренаа акција за обновување на заборавениот ѕид. Оваа порака од Корета Скот Кинг (авторка, активистка и лидерка на граѓански права) се упатува кон многуте заедници кои го оформуваат разновидниот карактер на општеството, а истите тие за да опстанат зависат во голема мерка од солидарните и добронамерни постапки токму од нејзините членови. – Преземено од Акто Фестивал





Графити кои го отсликуваат загадувањето во Скопје
(Локации Центар и Ново Лисиче)

# МК КНИГА ЗА ГРАФИТИ

## (ДО)ЖИВЕЈ ГО СКОПЈЕ




„Графитите опстојуваат како своевиден феномен, на некаква урбана јавна комуникација. Вештачка интелигенција не може да ги замени", вели уметникот Матеј Богдановски, кој заедно со писателот и критичарот на култура, Игор Анѓелков од издавачката куќа „Или-или" моментално работат на збирката скопски графити „(До)живеј го Скопје". За збирката, авторите велат дека е обид да се замрзне времето во шарено...







Првата МК книга за графити приредена во 2005 година (издавач Темплум).

# СИМБОЛИ

## НОВО ЛИСИЧЕ, БУДАЛОООО

Ново Лисиче е познато по две работи. Рап културата и загадувањето. Тука ви претставуваме неколку симболи на населбата кои ги имаат споделено графити и мурали уметниците низ населбата.











## МИСТЕРИОЗЕН СИМБОЛ

Се обидовме да го откриеме неговото значење. Се јавија разни теории, од тоа дека се работи за стилизиран знак на Psychic TV, дека е симбол на едно локално здружение (не дознавме кое), до Реики симбол. Знакот се среќава на повеќе локации во Скопје, од Железничка станица, преку Кеј, на булевар Кочо Рацин,кај Црвен Крст, итн.
















# ДРУГИ ГРАДОВИ?

STRUMICA RULES!

Што е со другите градови кои не се викаат Скопје? Има ли таму сцена? Куманово има развиена сцена, но во нашата група до сега не се споделени графити од другите градови освен муралите на уметниците како Сашко Николовски, Ване Костуранов, Владимир Илиевски и Никола Пијанманов во Струмица.

Сашко ги разубавува трафостаниците во Струмица!









Никола



Владимир



Ване

# УМЕТНИЦИ СТАНУВААТ ГРАФИТЦИИ МУРАЛЦИИ?

## МИЛЕ НИЧЕВСКИ

Ги видовме Џоле Јовановиќ, Сашко Николовски, Ване Костуранов, Владимир Илиевски, Никола Пијанманов, но што велите за Миле Ничевски? Миле е познат уметник графичар/сликар и стрипаџија по неговиот необичен и стрипски стил, со едноставни линии и директни пораки или стилизации сведени до одредена симболика. Тука претставуваме неколку негови мурали.

Ако не го знаете Миле, не сте читале Маргина и Лифт, а ако не сте го правеле тоа, гооолема грешка!








ЧАО СТРУМИЦА, ЗДРАВО, ГЕВГЕЛИЈА!






Цртежов беше на насловна на „Маргина 71“

# БЕТОНСКИ ЅИТЧИЊА

ГРАФИТ.МК

Фотки и текст:
Трајан Трајановски
преку ФБ Графит.мк

Фотки од една акција на Град Скопје што траеше одредено време... Овие бетонски ѕитчиња стоеја на разни улици и булевари низ Скопје.





















ГРАФИТ.МК

# ПРОДАВНИЦА ЗА ГРАФИТЏИИ

## GRAFFITI SHOP HROM






ХРОМ – еден од најпознатите графити уметници/групи кај нас, неговиот потпис го има на стотици локации, од Аеродром до Ѓорче и подалеку.












Графитите се преземени од страниците:
https://www.graffitishophrom.com/
https://www.instagram.com/herozero666999

ГРАФИТ.МК

# Градежен факултет

Графитите и муралите на Градежен факултет се особено интересни зашто се тематски и поврзани со факултетскиот живот и маките на студентите!







учи учи глава! бучи
























Благодарност до
Snezana Vasilevska

ГРАФИТ.МК

# ЗА КРАЈ...

## На ова издание

Благодарност до членовите во групата: Nebojsa Gelevski, Snezana Vasilevska, Невенка Стојановска, Nikola Pijanmanov, Дива Лига, Zharko Chi Maslarkovski, Zlatko Zake Stoimenov, Živko Grozdanoski, Жарко Пејковски Ж'ба, Dusica Dimitrovska, Наташа А., Petar Miljkovikj, Sonja Zujce, Matej Bogdanovski, Nikola Gelevski, Mile Nichevski, Vlatko Lakardov, Viktor Ficorski, Hristijan Trajkovski, Abadzieva Sonia, Viktor Delevski, Goran Ristovski, Goran Mladenovski и многу други што обезбедија фотки од графити, коментираа и лајкуваа...




# ДАЛИ ЗНАЕВТЕ...

Дека имаме и мапа каде ги споделуваме локациите на графитите?



https://www.google.com/maps/d/edit?mid=ItuX_RKIm-pls2RPuR24XHhV80bV3ROhw&usp=sharing

април 2024

ГРАФИТ

графити магазин #1

ИМПРЕСУМ
Уредник: Бранко Прља
Редакција: Го Це Тунт
Графички дизајн: Капка дизајн
Лектура: Стојан Стојановски
Соработници и фотографии: „Графит.мк“ заедницата
Тираж: 100
Печати: Кома Лаб
Место на издавање: Скопје, 2024

Издава:
Капка
Арно.мк



Споделувајте графити на:
https://www.facebook.com/groups/grafit.mk